# ВОВЕД

Агресивното однесување манифестирано од страна на адолесцентите и младите е загрижувачка појава во сите современи општества. Сé повеќе се зголемува ризикот од вклучувањето на младите во најразлични недозволени и непосакувани однесувања, девијантни по својата природа, вклучувајќи го и агресивното однесување. Ваквата појава се должи на неколку фактори кои се причина за појава на овие однесувања. Еден од нив се родителите, односно лошо воспоставената комуникација и интеракција помеѓу родителите и децата, која меѓу другото може да значи и манифестирање на агресивно однесување од страна на родителите. На овој начин, за жал, на децата им се нудат лоши модели за идентификација, со што се придонесува за појавата на агресивно однесување кај децата. Постојат и други начини со кои возрасните и родителите влијаат врз појавата на агресивно однесување кај децата, односно како што истакнува авторот **Златко Жоглев**[1], *...со оглед на фактот што на децата им се забранува да прават огромен број работи, тоа доведува до зголемување на нивото на агресивност, или барем до создавање резерви на потисната агресивност...* Исто така и незнаењето на родителите како да се справат со веќе создадената агресија кај децата, па истата ја толерираат или од повеќе причини ги занемаруваат своите деца, всушност придонесуваат за поттикнувањето на агресивното однесување кај децата.

Не треба да го занемариме постоењето и влијанието на другите фактори (покрај родителите и семејството) кои исто така ја предизвикуваат и поттикнуваат агресијата кај децата. Станува збор за пошироката околина, пред сé врсниците и останатите возрасни кои го опкружуваат детето, а кои се значаен и силен фактор во создавањето на агресивно однесување на децата уште од нивната најмала возраст. Особено би го потенцирала големото влијание на медиумите, а посебно оние со агресивни содржини. Всушност деструктивните содржини присутни во некои телевизиски програми, компјутерски игри и слично, влијаат врз детската потсвест и претставуваат фактор за деструктивно однесување на децата.

За жал, агресивното однесување се јавува уште во раната возраст од детскиот развој и остава длабоки последици во процесот на формирање на личноста доколку навреме не се интервенира. Токму затоа треба да се обрне внимание на детскиот развој

---

[1] Жоглев, З. 2002, *Социологија на образованието*, Универзитет „Св.Климент Охридски", Педагошки факултет: „Киро Дандаро", Битола, стр.217

во периодот на т.н. рано детство, период во кој всушност започнува процесот на развивање и градење на неговата личност и сѐ она што се случува во овој период, позитивно или негативно ќе се одрази во понатамошниот живот на детето.

Од овие причини периодот на раното детство е соодветен за превентивно дејствување врз агресивното однесувања кај децата. Тргнувајќи од негативните последици од ваквото непосакувано однесување на децата кое не е корисно за поединецот, но и за заедницата во којашто тој живее и дејствува, се јавува потребата од превентивно влијание врз ваквиот вид однесување уште во периодот на раната возраст. Најдобар начин за тоа е организирана и планирана воспитно-образовната работа со децата во предучилишните установи. Играта како најкарактеристичен вид на активност за оваа возраст е најсоодветна и најефективна за успешно извршување на превенцијата на агресивното однесување кај децата и затоа е најдобро превентивното дејствување да се реализира преку примена на соодветно креирани игровни активности. Станува збор за игровни активности чијашто цел е развивање на позитивни социјални вештини со коишто децата ќе знаат и умеат како да се однесуваат и справуваат во конфликтни ситуации. Тргнувајќи од фактот дека конфликите и фрустрациите сѐ и секогаш ќе бидат дел од нашите животи, дека нивната појава не може да се спречи, но затоа може истите да се избегнат, градењето на позитивни социјални вештини кај децата уште во периодот на раното детство станува неопходна потреба за зацврстување и поттикнување на нивната социјална компетенција. На овој начин на децата ќе им се овозможи на конструктивен начин да се справат со секојдневните проблеми во средината и севкупното нивно опкружување, а со тоа ќе им се помогне во нивното успешно решавање.

Како што веќе споменавме, создавањето позитивни социјални вештини кај предучилишните деца, преку примена на игровни активности, претставува соодветен начин за превентивно дејствување врз агресивното однесување кај децата и е предмет на истражување на оваа докторска дисертација.